## Извршен директор

| | |
|---|---|
| **Назив на работно место** | Извршен директор |
| **Одговара пред** | Управен одбор |
| **Одговорен за** | Извршната канцеларија |
| **Локација на работното место** | Скопје<br>МЦМС |
| **Дефиниција/цел на работата** | Извршниот директор е член на Одборот на директори, кој раководи со работниот процес на МЦМС. |
| **Специфични должности** | Одборот на директорите управува со деловниот процес на МЦМС. Своите права и обврски Одборот на директорите ги врши врз основа и во рамките на Статутот и општите акти на МЦМС.<br>Извршните директори се одговорни еднакво и рамноправно пред Управниот одбор, поднесуваат извештај и ја подготвуваат работата на Советот, на Управниот одбор и на другите органи на општо управување и надзор, учествуваат во нивната работа *екс-официо*, без право на глас и ги извршуваат одлуките на органите за управување и надзор.<br>Одборот на директорите:<br>- го застапува МЦМС во правниот промет со трети лица и одговорен е за комуникацијата и соработката со други страни;<br>- ги следи и ги анализира состојбите, проблемите и јавните политики во дејноста на МЦМС, дава прогнози и предвидувања, покренува иницијативи и дава предлози за унапредување на работата;<br>- се грижи (идентификува, развива и спроведува) за стратешкото планирање и изготвува перспективни, годишни и периодични програми и деловни планови (со финансиски планови). Одговорен е и за нивното извршување;<br>- поднесува периодични извештаи до Управниот одбор и годишни деловни извештаи до Советот на МЦМС;<br>- ја води организацијата и развива организациска култура;<br>- раководи со Извршната канцеларија, ја планира, организира и спроведува работата; воспоставува соодветни процедури за работа на МЦМС; формира пописни и други комисии;<br>- се грижи за правилно и економично работење со средствата на МЦМС, управува со паричниот тек, врши стекнување и отуѓување имот;<br>- одлучува за избор на раководни лица во МЦМС;<br>- одлучува за засновање работен однос, ги води и мотивира соработниците, воспоставува показатели и ги оценува работните достигнувања.<br>Одборот на директорите врши и други работи во негова надлежност во склад со Законот, Статутот и општите акти на МЦМС. |
| **Компетентност** | |
| **Знаења и вештини** | Познавање на мисијата на МЦМС и на концептите на граѓанско општество и одржлив развој;<br>Анализа за јавни политики;<br>Знаења од основните раководни концепти, за организациски развој и планирање, набљудување и оценување/евалуација;<br>Знаења за алокација на ресурси, буџет и финансиско раководење:<br>Знаења од основните концепти за раководење со хумани ресурси; |

| | |
|---|---|
| **Способности за** | Водство - ориентација, управување и мотивирање на другите;<br>Комуникација (усмена и писмена), презентација и за дисеминација на информации;<br>Стратешко размислување (крат. – долг.) и преземање на разумен ризик;<br>Соочување со ненадејни пречки и решавање на проблеми, како и за прилагодување (флексибилност) кон многу нови задачи;<br>Фацилитација / медијација, олеснување и овозможување на процес на договарање / остварување на тема, како и за преговарање; |
| **Вредности и убедувања;<br>Лични каректеристики** | Висок интегритет, одговорност и отчетност;<br>Верба во слобода и рамноправност и во човекови права;<br>Почит за другите и прифаќање на разликите и на не-насилство. |